# ПОСТАПКА ЗА ДИСЛОКАЦИЈА

# НА ДЕЛ ОД СИСТЕМОТ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА

2020 година

**СОДРЖИНА**

Напомени ........................................................................................................................ 3

Контакти ........................................................................................................................ 4

ЧЕКОР 1 – Барање за согласност за дислокација на дел од системот за дистрибуција ................ 5

ЧЕКОР 2 – Изработка на проект за новиот дел од системот за дистрибуција ................................ 5

ЧЕКОР 3 – Договор за дислокација на дел од системот за дистрибуција ...................................... 6

ЧЕКОР 4 – Изведба на дислокација на дел од системот за дистрибуција ...................................... 6

**Напомени**

! *Постапката за дислокација е детално опишана во “Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија”, достапни на веб сајтот на Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи и на Регулаторната комисија за енергетика*

! *Дислокацијата мора да биде изведена по ревидиран проект, согласно техничките барања дефинирани во “Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија” и “Посебните технички услови за проектирање, изведба и одржување на системот за дистрибуција на топлинска енергија”, достапни на веб сајтот на Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи*

! *Изведбата на дислокација на дел од дистрибутивната мрежа во сите фази е на трошок на Барателот.*

! *Изведбата на новиот дел од дистрибутивната мрежа може да се прави во било кој дел од годината, но рушење на стариот дел од мрежата и приклучување на новата дистрибутивна мрежа кон дистрибутивниот систем по правило се врши вон грејна сезона, во период од 1 мај до 1 септември. Дистрибутерот може по исклучок да одобри приклучување и во останатиот период од годината.*

## Контакти

ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ
Адреса: Ул. Лондонска бр.8, 1000 Скопје
E-mail: contact@beg-distribucija.com.mk

- Оддел Проектирање и развој на мрежа
  - Приемно време: понеделник до петок, 14-16 часот
  - Референт
    - Весна Џуровска
    - Канцеларија: 102
    - Телефон: 02/5514-027
    - E-mail: vdjurovska@beg-distribucija.com.mk
  - Одговорен инженер
    - Зоран Јанчевски
    - Канцеларија: 101

- Оддел Надзор и прием на дистрибутивни постројки и топловоди
  - Алфонз Вета, Панче Котевски
  - Канцеларија: 211
  - Телефон: 02/5514-021

- Архива
  - Работно време: понеделник до петок, 08-16 часот
  - Канцеларија: 002
  - Телефон: 02/5514-011

Постапката за дислокација на дел од мрежата започнува со **поднесување на**

## ЧЕКОР 1 – Барање за согласност за дислокација на дел од системот за дистрибуција

1. Барањето за согласност за дислокација на дел од дистрибутивната мрежа се подига од:
    - Веб сајтот на Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи www.beg-distribucija.com.mk или
    - Одделот Проектирање и развој на мрежа (ул. Лондонска бр.8, канцеларија 102).
2. Пополнетото барање се доставува во Архивата на Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи
    - Лично, по пошта или скенирано по e-mail (contact@beg-distribucija.com.mk)
    - Консултации околу пополнувањето на барањето може да се добијат во Одделот Проектирање и развој на мрежа (телефон 02/5514-027).
3. Дистрибутерот на Барателот му издава Решение за согласност за дислокација на дел од дистрибутивната мрежа
    - Во рок од 15 дена од датумот на поднесување на барањето
    - Со техничко решение за дислокација дадено во прилог на Решението.

## ЧЕКОР 2 – Изработка на проект за новиот дел од системот за дистрибуција

1. Барателот доставува (во Архивата на Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи) Ревидиран основен проект врз основа на Техничкото решение, изработен од лиценцирани фирми за проектирање и ревизија
    - Консултации околу проектот или измена на Техничкото решение од оперативни причини, се добиваат во Одделот Проектирање и развој на мрежа (канцеларија 102, телефон 02/5514-027).
    - Дистрибутерот го верификува доставениот Ревидиран основен проект со потпишување на Потврда за усогласеност со "Посебните технички услови за проектирање, изведба и одржување на системот за дистрибуција на топлинска енергија" (Потврдата е составен дел од проектната документација, се подига од веб сајтот или од Одделот Проектирање и развој на мрежа).

**1а/2а Основен проект за новиот дел од системот за дистрибуција може да изработи и Одделот Проектирање и развој на мрежа на Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи по барање и за сметка на Барателот, кој однапред ќе ги покрие трошоците за проектирање и ревизија согласно важечкиот ценовник.**

- Барањето за изработка на Основен проект (достапно на веб сајтот или во Одделот Проектирање и развој на мрежа) се поднесува во Архивата на Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи или скенирано по e-mail
- Дистрибутерот по изготвување на основниот проект, истиот ќе го ревидира кај овластен ревизор.

## ЧЕКОР 3 – Договор за дислокација на дел од системот за дистрибуција

1. Барателот во Архивата на Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи го доставува Ревидираниот проект за дислокација.
2. Дистрибутерот на Барателот му доставува Договор за дислокација на дел од системот за дистрибуција, во кој се наведени сите обврски кои Барателот е обврзан да ги исполни.
3. Потпишаниот Договор за дислокација се доставува во Архивата на Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи.

## ЧЕКОР 4 – Изведба на дислокација на дел од системот за дистрибуција

Изведбата на дислокацијата во сите фази е на трошок на Барателот

1. Барателот писмено и навремено го известува Дистрибутерот за датумот на почеток на изведбата и назначува одговорно лице за контакт со надзорот на Дистрибутерот (канцеларија 211, телефон 02/5514-021).
2. Дистрибутерот прави надзор во сите фази на изведбата на дислокацијата.
    - Надзорот писмено го известува одговорното лице на Барателот за резултатите од секоја фаза на изведбата на дислокацијата
    - Доколку во текот на изведбата се јави потреба за измена на дел од проектот за дислокација, Проектантот треба да изврши дополнување на основниот проект, по кое Барателот е должен да постапи.
3. Дистрибутерот оперативно го организира спојувањето на новоизградениот дел од дистрибутивната мрежа со системот за дистрибуција.
4. По завршување на дислокацијата, Барателот е обврзан да ја достави целокупната документација за новоизградениот дел до Дистрибутерот.
5. Дистрибутерот издава Потврда за изведена дислокација на дел од системот за дистрибуција.